Бр. 12-2385/4
_______ год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став, член 23 став 1 и член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 15-та седница одржана на ден 9 мај 2019 година донесе

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2385/1 од 11.04.2019 година.

Предметот со број 12-2385/1 од 11.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2385/1 од 11.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за непочитување на одредбите од Изборниот законик во врска со започнувањето на изборната кампања, на начин што претседателскиот кандидат Гордана Силјановска Давкова и политичката партија ВРМО-ДПМНЕ на ден 25.03.2019 година, неколку дена пред утврдениот почеток на изборната кампања на претседателските избори 2019 година, спровеле организиран настан во просториите на ОК ВМРО-ДПМНЕ во Штип на кој била претставена учесничката во изборната кампања.

По разгледување на наводите во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека согласно членот 69-а од Изборниот законик, Државната изборна комисија е надлежна за следење на примената на одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на активностите што смеат да се преземат во текот на изборната кампања (јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми), како и отпочнувањето и траењето на изборната кампања и во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбите од членот 69-а од Изборниот законик, ДИК е должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk